| Наслов на активноста | | **<u>Ти пишувам писмо</u>** | |
|---|---|---|---|
| **Времетраење ( ориентационо)** | 40 минути | **Одделение** | VII |
| | | | |
| **Цели и очекувани исходи:** | - Учениците да знаат да ги користст формалните начини за изразување на своето мислење;<br>- Да знаат да го изберат најсоодветниот начин и одговорноста за искажување на мислењето | | |
| **Потребни материјали:** | - Табла и креда<br>- Хартија и прибор за пишување | | |

**Детален опис на активноста:**

Воведна активност:

Ice breaker активност-

Учениците треба да се поделат во парови и едниот на другиот ученик треба со прст да му напише некој краток збор на грбот, а тој треба да погоди што му напишал.Потоа треба да си ги заменат улогите.

Главна активност:

Во истите парови, учениците треба да напишат писмо со БАРАЊЕ до директорот во кое би го изразиле своето незадоволство од нешто што се случува во училиштето. Тоа може да се однесува на вистински или измислени нешта.

Наставникот на таблата ја пишува формата која треба да ја запазат во писмото:

1. До кого е упатено,
2. Која е причината за незадоволството,
3. Што се бара,
4. Кој бара,
5. Датум.

По завршување на писмата неколку доброволци ги читаат.

**Дискусија:**

- **Како се чувствувате кога можете да поставите сопствено барање?**
- Дали во вашите барања има зборови или изрази кои може да бидат навредливи и кои треба да се сменат?
- Зошто е важно мислењето да се изразува по писмен пат со запазување наодредена структура на писмото?
- Дали во вашите барања има навредливи зборови кои треба да се сменат?
- Зошто е важно луѓето да можат да го изразат своето мислење?
- Што ќе се случи ако не можата да кажат што мислат?
- Дали ќе престанат да го мислат тоа?

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.

| | | |
|---|---|---|
| | | После дискусијата , учениците повторно ги читаат писмата и и ги корегираат оние зборови или изрази кои се навредливи.<br><br>ЗАКЛУЧОК |
| | Завршна активност: | **Рефлексија :**<br>Што правевме денес?<br>Како се чувствувавте за време на овие активности?<br>Што научивте од сето ова?<br>Како би го искористиле наученото во секојдневниот живот? |
| **Забелешка** | | |

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.